NEPTUN



# КОНКУРС ЗА ЛЕТНА ПРАКСА ВО ОДДЕЛ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ

ЛОКАЦИЈА: СКОПЈЕ (ВИЗБЕГОВО) АКТИВЕН ДО: 26/07/2020

**Доколку бараш можност каде што ќе можеш да ги оствариш своите потенцијали и да ги надминеш своите очекувања, те покануваме да ни се придружиш!**

Во текот на 1-3 месечната пракса ќе имаш можност да се запознаеш со прибирање и обработка на податоци врз основа на сметководствени документи, влезно-излезна документација, евиденција на сметководствени настани поврзани со трансакциски сметки во банка, внес и креирање на калкулации и останато теоретско и практично знаење од областа на сметководство и финансии.
Практичната работа ќе ти овозможи стекнување компетенции како: ефективна комуникација, развиено чувство на одговорност кон зададена задача, колегијалност и тимска работа, способност за ефикасно справување со различни приоритети истовремено, како и солидна основа за градење кариера во областа.

## Потребни квалификации:

- Студенти на завршна година или дипломци на факултетите за економски науки
- Солидно познавање на англиски јазик (пишан и говорен) и MS Office програмите
- Одлични комуникациски и интерперсонални вештини
- Самоиницијативност и желба за учење и постигнување резултати
- Позитивен став и тимска ориентација

Доколку си заинтересиран/а да ја започнеш својата кариера во најголемата водечка малопродажна мрежа за потрошувачка електроника, да бидеш дел од возбудливи проекти во динамична средина и да учиш од вистински професионалци, те покануваме да ја испратиш својата кратка биографија, а ние наскоро ќе те контактираме.

**ДОЗВОЛИ ТВОЈОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА БИДЕ ПРЕПОЗНАЕН!**

NEPTUN